Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2451/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, ги разгледа годишните извештаи за работа на Друштвото за 2024 година и на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

(1) Се одобрува и усвојува:

- Годишен извештај за работењето на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година;

- Консолидиран годишен извештај за работењето на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година.

(2) Годишните извештаи од став 1 се составен дел на оваа одлука.

(3) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-245211
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 50 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, ги разгледа Годишната сметка и финансискиот извештај на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година и на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2024 година

(1) Се усвојуваат Годишната сметка и Финансискиот извештај на Реплек АД за 2024 година со остварени резултати:

1.	Вкупни приходи	2.028.700.378,00 МКД
2.	Вкупни расходи	1.835.065.198,00 МКД
3.	Добивка од редовното работење пред оданочување	193.635.180,00 МКД
4.	Данок на добивка	27.454.863,00 МКД
5.	Добивка од редовно работење по оданочување	166.180.317,00 МКД

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-245319
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 50 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година и на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Консолидирана годишна сметка на РЕПЛЕК АД за 2024 година

(1) Се усвојуваат Консолидираната годишна сметка и Финансискиот извештај на Реплек АД за 2024 година со остварени резултати:

1.	Вкупни приходи	2.021.148.883,00 МКД
2.	Вкупни расходи	1.763.407.857,00МКД
3.	Добивка од редовното работење пред оданочување	257.741.026,00 МКД
4.	Данок на добивка	33.546.166,00 МКД
5.	Добивка од редовно работење по оданочување	224.194.860,00 МКД

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2454/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговските друштва и на член 51 став 2 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, по разгледувањето на годишните сметки на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, гласајќи за секој член поединечно, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за одобрување на работата на Управниот одбор на РЕПЛЕК АД за 2024 година

(1) Се одобрува работата и водењето на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје и тоа на:

1. Душан Пецовски, претседател на Управен одбор и генерален директор на Друштвото
2. Коста Котески, член
3. Марјан Велковски, член
4. Панче Гелевски, член

(2) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2455/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

replek

Врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 50 и 51 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година

(1) Се одобрува и усвојува Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година.

(2) Годишниот извештај од став 1 е составен дел од оваа одлука.

(3) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2956/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва и на член и 51 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, гласајќи за секој член поединечно, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување на работата на Надзорен одбор на РЕПЛЕК АД во 2024 година

(1) Се одобрува работа на членовите на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, одделно за секој член на органот, за периодот јануари-декември 2024 година, во следниот состав:

1. Антонио Георгиевски – претседател
2. Петар Андреевски – член
3. Наум Јанакиев – член
4. Томислав Крстевски – член
5. Јана Алич Јужина – независен член

2. Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2957/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, по разгледувањето на извештаите од овластениот ревизор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на извештаите од овластениот ревизор

(1) Се усвојуваат ревизорските извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи (посебни и консолидирани) на РЕПЛЕК АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година, изготвени од ревизорското друштво МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

(2) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-24581
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

replek

Врз основа на член 383 и на член 479 од Законот за трговските друштва и на член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за назначување овластен ревизор за 2024 година

(1) За овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на РЕПЛЕК АД Скопје за 2025 година се назначува Друштвото за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

(2) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2459/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

replek

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за распределба на добивка според Годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2024 година

(1) Се утврдува распределба на добивка според Годишната сметка за 2024 година

Нето-добивка по оданочување во 2024 година	166.180.317,00 МКД
Акумулирана добивка од минати години	72.256.555,00 МКД
Вкупно нераспределена добивка	**238.436.872,00 МКД**

Добивката се распоредува, и тоа:

1. Вкупна дивиденда 95.236.000,00 МКД

   Бруто-износ од 400,00 МКД по акција
   Нето-износ од 360,00 МКД по акција

2. Реинвестирана добивка, резервирано за инвестиции 27.060.000,00 МКД

3. Акумулирана добивка, останува 116.140.872,00 МКД

(2) Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното усвојување.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување РЕПЛЕК АД Увоз-извоз Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-24601/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

replek

Врз основа на член 384, 487 и на член 490 од Законот за трговските друштва и на член 36 од Правилата за котација, и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје Собранието на акционери на Друштвото, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2024 година
(дивиденден календар)

(1) Согласно со Одлуката за распределба на добивка остварена по Годишна сметка за 2024 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2024 година во висина од 360,00 денари нето, односно 400,00 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

(2) Последен датум за тргување со право на дивиденда за 2024 година е 7.5.2025 година.

(3) Прв датум за тргување без право на дивиденда за 2024 година е 8.5.2025 година.

(4) Датум на стекнување право на дивиденда за 2024 година е 9.5.2025 година.

(5) Исплатата на дивидендата за 2024 година ќе започне од 2.6.2025 година и тоа според следната динамика:

2.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите од 1 до 600 акции
9.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите од 601 до 5.000 акции
16.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите од 5.001 до 17.000 акции
23.6.2025 година исплата на дивиденда за имателите над 17.001 акции

(6) Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-2461/1
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

replek

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на Друштвото, Собранието на акционери на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, одржано на 16.04.2025 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За стекнување на сопствени акции со откуп

(1) Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу 10% од основната главнина на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје.

Номиналниот износ на стекнатите акции со откуп не смее да надмине 1/10 од основната главнина на друштвото.

(2) Минималната односно максималната цена којашто може да се плати за стекнување на сопствените акции со откуп е до 10% пониско или повисоко од последната просечна дневна цена по акција.

Со Одлука на Управниот одбор,по претходна согласност од Надзорниор одбор, акциите може да се откупат по цена која што е надвор од рамките утврдени во став 1 на овој член, доколку откупот е неопходен за да се спречи сериозна штета што би ја претрпело Друштвото како последица од поголеми поместувња на пазарот.

(3) Откупот на акциите ќе се изврши во време кое не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесување на оваа одлука.

(4) Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметка на друштвото од сопствени средства.

(5) Со стекнувањето на сопствените акции не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто, според законот или според статутот мора да ги има и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите.

(6) Купувањето спротивно на оваа одлука е ништовно.

(7) Се овластува Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје во име на Друштвото да ги презеде и врши потребните активности околу купување на акциите преку Македонска берза на хартии од вредност во согласност со оваа одлука.

(8) Одлуката влегува на сила со денот на донесувањето. Со оваа одлука се става вон сила 02-2632/1 од 25.4.2024.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-24621
16.04 2025 год.
СКОПЈЕ

replek

Врз основа на член 25 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020 и 288/2021), член 336 и член 383 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 50 од Статутот на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на 16.04.2024 година во Скопје, донесе

ОДЛУКА
за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда

(1) Собранието на акционери на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, со седиште на ул. Козле бр.188, Скопје (во натамошниот текст: Друштвото), одобрува продажба (отуѓување) на најмногу 21.110 обични сопствени акции издадени од Реплек АД Скопје по пат на јавна понуда во вкупен номинален износ од 1.187.268,62 евра издадени од Реплек АД Скопје.

(2) Сопствените акции од член 1 на оваа одлука се обични акции од основачката емисија на друштвото и претставуваат 8,14 % од основната главнина на Друштвото.

Продажбата на сопствените акции ќе се врши по пат на јавна понуда во согласност со Законот за хартии од вредност и Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје.

(3) Номиналната вредност по акција изнесува 56.242 евра, додека вкупната номинална вредност на акциите што се предмет на продажба изнесува 1.187.268,62 евра.
За продажбата (отуѓувањето) на сопствените акции по пат на јавна понуда друштвото ќе објави Проспект и Покана за јавна понуда за продажба (отуѓување) на сопствени обични акции, во согласност со законската и подзаконската регулатива, Статутот на Друштвото и Правилата на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност.

Продажната цена на сопствените акции – предмет на јавната понуда од член 1 на оваа одлука, ќе се определи согласно Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје (Анекс 3). Плаќањето на продажната цена е исклучиво во парични средства.

(4) Сопствените акции кои се предмет на јавната понуда се стекнати согласно член 333 и 335 од Законот за трговски друштва согласно Одлука бр .02-1979/1 од 27.04.2022 година и Одлука бр.02-2583/1 од 26.04.2023 година, донесени на Собрание на акционери на Друштвото.

Целта поради која се продаваат (отуѓуваат) акциите од член 1 на оваа одлука е одржување на стабилноста и ликвидноста на Друштвото и усогласување со законските одредби.

(5) Правата кои произлегуваат од сопственоста на овие акции се:
- право на глас во Собранието на акционери на Друштвото;
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Акциите гласат на име. Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Правата и обврските на купувачите на акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Дивидендата се исплатува врз основа на Одлука на Собранието на Друштвото, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата.

(6) По реализацијата на продажбата (отуѓувањето) на сопствените акции по пат на јавна понуда,акциите ќе бидат евидентирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар за хартии од вредност. Правата на сопственост од акциите настануваат со запишувањето на акциите на сметка на сопственикот во депозитарот.

(7) Располагањето со акциите се врши на начин утврден со законските и подзаконските прописи.

(8) Се овластува Управниот одбор на Друштвото со посебна Одлука да ја утврдува количината од вкупниот број на сопствени акции од член 1 на оваа Одлука кои ќе бидат предмет на продажба (отуѓување) преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото за понудата од член 1 на оваа Одлука да ја утврди цената и моделот согласно Анекс 3 од Правилата за тргување на Македонската берза на хартии од вредност по кој ќе се реализира продажбата (отуѓувањето) на сопствените акции преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото за понудата од член 1 на оваа Одлука да донесе Одлука за отварање на сметка со посебна намена за примање на паричните средства во текот на постапката за продажба (отуѓување) на сопствени акции преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да склучи договор за соработка со овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овастениот депозитар, кој ќе го застапува Друштвото во постапката за продажба (отуѓување) на сопствени акции преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да склучи договор со Македонска берза на хартии од вредност за продажба (отуѓување) на сопствени акции преку јавна понуда и договор со Централниот депозитар за хартии од вредност и други акти за спроведување на оваа Одлука согласно законската и подзаконската регулатива.

(9) Се овластува Управниот одбор на Друштвото, по евентуално барање на Комисијата за хартии од вредност да врши соодветни измени на оваа Одлука, вклучувајќи и соодветни измени согласно промени на законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност.

(10)Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и може да се спроведе во рок од 12 месеци. Со усвојување на оваа Одлука, Одлуката бр. 02 – 2633/1 од 25.4.2024 се става вон сила.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

